Република Северна Македонија

**СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Ул. "Македонија " бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Согласно член 48 став 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седница одржана на 04.02.2020 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА РАНГИРАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА ВО ПОВИСОК СУД

**Предмет на правилникот**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во Апелационен суд, Управен суд, Виш управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст:повисок суд).

**Комисија за рангирање**

Член 2

(1) Рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд го врши Комисија од тројца членови избрани по пат на ждрепка од редот на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија со право на глас од кои еден член е од членовите избрани од Собранието и еден е од избраните членови кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, а од нив по пат на ждрепка се избира претседателот на Комисијата.

(2) Комисијата од ставот 1 на овој член:
- ја проверува навременоста на пријавите и комплетноста на документите на кандидатите по огласот,
- ја проверува функционалноста на емаил адресата на кандидатот и подготвеноста на кандидатот да одговори до следниот работен ден. Ако оваа комуникација е неуспешна, кандидатот треба да понуди сигурна можност за комуникација.
- ја проверува добрата репутација при вршењето на судиската функција, прибавувајќи мислење од претседателот на судот и други извори
- составува кандидатска листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за избор на судија во повисок суд предвидени во Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на РСМ,
- прибавува мислење од судот во кој кандидатот ја извршува судиската функција,

- ги оценува кандидатите врз основа на критериумите за рангирање на начин утврден со овој правилник,
- составува ранг листа на кандидати која ја доставува до Советот.

(3) Ако Комисијата открие дека пријавата е спорна или неприфатлива или дека добрата репутација при вршење на судиската функција е спорна и кандидатот не може да биде рангиран, Комисијата ја испраќа оваа пријава заедно со образложението до Советот, во рок од три работни дена.

**Критериуми за рангирање**

Член 3

Комисијата го извршува рангирањето врз основа на критериумите утврдени со закон (член 48 став 2 од Законот за Судски совет на РСМ). Кандидатите можат да добијат максимум 100 поени. Комисијата дава поени за секој аспект на критериумите:
1) стручното знаење и специјализација во струката (максимални 40 поени) и учеството во континуирана обука (максимални 5 поени);
2) позитивна оценка во работењето (максимални 20 поени);
3) способност за усно и писмено изразување, што се огледа преку изготвените одлуки и судското стручно дејствување (максимални 5 поени);
4) преземањето дополнителна работа во вршење на судиската функција со учество во решавање на заостанати предмети (максимални 5 поени);
5) преземање дополнителна работа при вршење на судиската функција преку менторство, едукација и слично(максимални 5 поени) и
6) должина на судиски стаж (максимални 20 поени).

**Стручно знаење, специјализација и обука**

Член 4

(1) Специјализацијата е значително искуство во одредена област на закон. Стручно знаење и специјализација во струката и учество во континуирана обука подразбира поседување на теориско и практично знаење потребно за извршување на судиската функција.

(2) Се земаат предвид следниве аспекти:
- завршени правни докторски студии (2 поени), што се утврдува од универзитетската диплома, и дополнителни (2 поени), ако докторатот е во полето на потребната специјализирана област.
- број на објавени стручни трудови со научна содржина за правни теми (максимум 5 поени), по една десетина поен за секоја публикација до 10 страници, (2 поени) за учество во научни коментари или за книга со ISBN, (докторската теза не се брои двапати), објавена во последните 10 години пред објавувањето на огласот.
- бројот на изработени образовни материјали за потребите на Академијата за судии и јавни обвинителиили за други обуки на правни професионалци или студенти од правни науки или други научни проекти со правна содржина. (максимум 5 поени), 1 поен за секој материјал.

- јазични вештини по англиски, француски или германски јазик (максимум 15 поени), член 45 Закон за судовите). Знаењето на јазикот редовно се докажува со сертификат за јазик (1 поен) за ниво на А на секој јазик со сертификат не постар од 10 години во времето на пријавување, (5 поени) за ниво на Б на секој јазик со сертификат не постар од 15 години, (15 поени) за ниво на Ц на секој јазик со сертификат не постар од 20 години. Кандидатот може да го докаже познавањето на јазикот за нивото А или Б, исто така, со тест пред Комисијата, или доколку други факти, особено сертификати за студии или работа во странство или изработка на трудови на релевантниот јазик, можат да го потврдат знаењето на јазикот.
- компјутерски тест (1 поен, член 45 Закон за судовите), кој се оценува според правилникот на Советот за проверка на практичното знаење со компјутери.

(3) Доколку кандидатот претходно работел во потребното поле на специјализација или специјализиран судски оддел (член 12 Закон за судовите), Комисијата доделува максимум 10 поени (половина поен за секој секој завршен период од 12 месеци работа во соодветната област на специјализација). Работните искуства на правни теми во странство се сметаат за специјализирано судско искуство.

(4) Комисијата го зема предвид бројот на обуки во кои кандидатот учествувал во текот на последните 10 години (максимум 5 поени), кои треба да бидат потврдени со сертификат за обука или агенда за обука или проценки за оценување на обука (секоја обука 1 поен). Комисијата доделува (2 поени), наместо еден за оние објавени материјали кои се однесуваат на полето на потребната специјализирана област.

**Оценување на работата**

Член 5

(1) При позитивна оценка во работењето се зема предвид вкупниот број на поени што судијата го има добиено по однос на квантитативните и квалитативните критериуми при професионално оценување, направено согласно со одредбите на Законот за Судски совет на РСМ. Вонредното оценување (член 77 став 2 од Законот за Судски совет на РСМ) и претходното редовно оценување (член 77 став 2 од Законот за Судски совет на РСМ) се земаат предвид со 50% секое. Пресметувањето се прави со делење на поените од оценувањето (член 79 став 3 од Законот за Судски совет на РСМ) за секое оценување (максимални 200 поени од оценување) со 20. Двете бројки се собираат.

(2) Доколку вонредното оценување не е достапно, последните две редовни оценувања се земаат предвид.

**Способност за изразување**

Член 6

(1) Способноста за усно и писмено изразување, што се огледа преку изготвените одлуки и судското стручно дејствување, Комисијата ја утврдува преку оценување на усна расправа и десет напишани одлуки.

(2) Комисијата врз основа на непосредно присуство на расправа или прибавени 5 предмети со аудио снимки од одржаните расправи или врз основа на записници, извештаи претходно изготвени од страна на Судскиот совет, оценува дали кандидатот комуницира јасно со учесниците во постапката, ориентиран е кон услугите кон граѓаните и објаснува правни прашања на разбирлив начин. Врз основа на овие информации, Комисијата доделува до 2 поени за усното изразување.

(3) Освен тоа, Комисијата оценува две одлуки, кои не се користени за општа проценка на работењето (член 5 од овој правилник). Одлуките се избираат по случаен избор од предметите во системот ACCMIS. Комисијата го оценува писмениот израз со проценка на краткото, но комплетно резиме на релевантните факти и разликување помеѓу неспорни и спорни факти, цитат на правната основа и елементи на правната норма и проценка на докази доколку е соодветно, разбирливоста на правнотообразложение, научен јазик и логика и разбирливост на аргументацијата, за професионалците и за граѓаните. Секое решение што во целост ги исполнува овие барања носи максимум 1 поен.

(4) Врз основа на мислењето на претседателот на судот, каде кандидатот ја врши судиска функција и кое се базира на седница на судии од судот,Комисијата доделува уште еден поен, ако мислењето потврдува, на образложен начин, многу добри усни и писмени изразувачки способности на кандидатот. Мислењето од претседателот без образложение, не е доволно за да се даде поен.

**Дополнителна работа**

Член 7

(1) Преземањето дополнителна работа во вршење на судиската функција со учество во решавање на заостанати предмети, Комисијата ја утврдува преку испитување на оценувањата на кандидатот, бројот на решени предмети кои имале времетраење во суд од ист степен повеќе од 24 месеци, според АКМИС системот и преку прибавување на мислење од претседателот на судот во кој кандидатот ја извршува судиската функција.

(2) Бодирањето е четвртина од просечниот број на поени од оценувањата (член 5 од овој правилник) според квалитативните критериуми дадени за решените предмети над 100% (член 86, став 3 од Законот за Судски совет на РСМ), ако кандидатот решил – во периодот во кој е оценуван- предмети со подолго времетраење од 24 месеци во судот и ако претседателот ја потврдил подготвеноста на кандидатот да го намали бројот на нерешени предмети.

(3) Доколку кандидатот е времено упатен да ја извршува судиската функција во друг суд , се доделуваат 5 поени, доколку кандидатот добил на квантитативната проценка од едно оценување (член 86, став 2 од Закон за Судски совет на РСМ) 40 поени и се изјаснил во писмена форма до Судскиот совет дека е спремен да биде распореден привремено во друг суд за решавање на заостанати предмети (член 61 став 1 од Законот за судовите).

**Менторство и едукација**

Член 8

(1) Преземање дополнителна работа при вршење на судиската функција преку менторство, едукација и слично, подразбира учество на судијата и во други активности во судот и надвор од судот, кои не се директно поврзани со извршување на судиската функција и тоа учество на судијата:
- како предавач на Академијата за судии и јавни обвинители или високообразовна институција,
- во програми за стручно усовршување во Академијата за судии и јавни обвинители,
- во стручно усовршување на судиите,
- во работни групи за изработка на закони, научни проекти или меѓународен проект.

(2) Менторството е официјално дадена задача за да им овозможи, советување и воведување на помладите колеги во нивната професија. .

Комисијата ги доделува овие поени:
- 0 поени, ако не можат да се забележат такви активности кај кандидатот,
- 1 поен, ако кандидатот се пријавил за менторство и едукација,
- 2 поени, ако кандидатот работел како ментор или одржал до две обуки како едукатор во последните 5 години,
- 3 поени, ако кандидатот одржал до 5 обуки во последните 5 години,
- 4 поени, ако кандидатот одржал до 10 обуки како едукатор во последните 5 години,
- 5, поени ако кандидатот одржал повеќе од 10 обуки во последните 5 години и изработил издадени трудови и материјали за обука.

(4) Преземање дополнителна работа при вршење на судиската функција преку менторство, едукација и слично, се утврдува од страна на Комисијата, преку прибавување на мислење од Академијата за судии и јавни обвинители и од претседателот на судот.

**Судиски стаж**

Член 9

(1) Должина на судиски стаж се пресметува со збирот на години во кои кандидатот реално работел во судството, за период кој е поголем од она што се бара за судиската позиција за повисок суд.

(2) Ако кандидатот не работел цела година, ќе се земат предвид соодветно, месеците. Отсуството поради одмор или болест за период помал од шест месеци не го намалува периодот на исполнет судиски стаж.

(3) Секоја година судиски стаж носи еден поен, но вкупно не повеќе од максималниот број доделен за овој критериум.

**Бодирање на кандидатите**

Член 10

Комисијата расправа и одлучува на состанокот за конечниот резултат. Секој член на Комисијата ги доделува поените за секој критериум, нивните поени се собираат и се делат со бројот на членови. Математичкиот резултат е резултат на рангирање во соодветниот критериум. За секој кандидат поединечно, Комисијата пополнува образец за бодирање, во кој се наведени поените за секој критериум.

**Записник**

Член 11

Комисијата составува Записник, кој ги содржи следните податоци: датум, место и време на одржување на состанокот, број на оглас, дата на објава на огласот, податок за вкупен број на кандидати, образецот од оценувањето, кој ги покажува елементите од оценката и крајниот број на поени, предлог ранг листа од кандидатите како и име и презиме и потпис на претседателот и членовите на Комисијата.

**Ранг-листа на кандидати**

Член 12

(1) По изготвувањето на записникот од член 11 од овој правилник, Комисијата составува ранг-листа на кандидати на која кандидатите со највисоки поени се рангирани на првото место.

(2) Доколку двајца или повеќе кандидати се совпаднат со ист број поени, возраста на кандидатите ќе биде одлучувачка, постариот кандидат се рангира пред помладиот кандидат. Доколку и во овој случај кандидатите завршат со исто бодирање, во тој случај нивното внатрешно рангирање ќе се одлучи по пат на ждрепка. Ждрепката се влече од страна на претсетдателот на Судскиот совет, на јавна седница.

(3) Комисијата го доставува соодветниот образец за оценување, записникот и предлог ранг-листата до секој кандидат преку емаил или преку друг сигурен начин на комуникација (член 2, став 2 од овој правилник) и сите материјали за сите кандидатите до претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

(4) Кандидатите можат да достават жалба за рангирањето до Комисијата во рок од осум дена по известувањето од нивниот образец за оценување. Судскиот совет при прифаќање на жалбата, може да го сослуша кандидатот.

(5) Советот одлучува за прифаќањето на спорни и неприфатливи пријави, на основа на препораките од Комисијата (член 2, став 3 од овој правилник ), одлучува за оправданоста на жалбите и за конечното рангирање. За одбивањето на пријавата потребно е мнозинство од членовите на Советот со право на глас, во спротивно пријавата ќе се смета за прифатена. Оваа

одлука треба да се донесе во рок од три работни дена и пред одлуката за конечното рангирање. Ако не се донесе одлука од мнозинството за различно оценување, бодирањето на Комисијата станува конечно. Советот ја подготвува конечната ранг-листа.

**Преодни и завршни одредби**

Член 13

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

(2) Започнатите постапки избор на судии во апелационите судови ќе се завршат според законските одредби на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/2017 и 83/2018)

(3) Започнатите оценувања за судиските места во Врховниот суд (оглас број 08-1549/2 од 27.09.2019 година објавен во „Службен весник на РСМ“ број 200 од 1.10.2019 година и оглас број 08- 1827/1 од 12.11.2019 година објавен во „Службен весник на РСМ“ број 238 од 18.11.2019 година), се спроведуваат според постапката во член 2, 10,11 и 12 став 1 со критериуми и поени од член 3 во согласност со преодното бодирање во став 4 и преодната постапка за оценување во став 5, ако постапката во Советот се заврши до 29.02.2020. Ако целокупното рангирање од Комисијата и одлуката од Судскиот совет не се завршат до 29.02.2020, рангирањето ќе биде повторено за сите кандидати во согласност со редовните одредби од овој правилник.

(4) Преодното бодирање ги опфаќа следниве критериуми:

- Стручното знаење и специјализација во струката:
  - 2 поени за докторат во правната област,
  - 2 поени за докторат во специјализираната област,
  - 1 поен познавање на работа со компјутери врз основа наизвршенототестирање согласно Правилникот за познавање на работа со компјутери,
  - 1 поен за изработка на значителен материјал за обука за правни работи или во полето на специјализација во последните 10 години, максимум 5 поени,
  - 1 поен за секое научно издание во полето на специјализација во последните 10 години, максимум 5 поени
  - 0,5 поени за секоја година судиски стаж во полето на специјлизација, максимум 10 поени,
  - До 15 поени за одлично познавање на англиски, германски или француски.
  - 1 поен за секое учество во обука или посета на студии за правни теми, максимум 5 поени,

- Последното оценување на работата и способноста за усно и писмено изразување се оценува според последната достапна оцена од оценувањето. Пресметката се прави со делење на добиените поени од оценувањето (максимум 200) со 8, максимумот е 25 поени.

- За дополнителна работа и решавање на заостанати предмети кандидатот ќе добие максимум 5 поени. Комисијата ги доделува овие поени:

- 0 поени, ако неможат да се забележат такви активности кај кандидатот,
- 1 поен, ако кандидатот изјавил дека има желба да работи дополнителна работа,
- 2 поени, ако кандидатот работел дополнителна работа,
- 3 поени, ако кандидатот активно учествувал во намалувањето на бројот на заостанати предмети,
- 4 поени, ако кандидатот значително придонел и успеал да го намали бројот на заостанати предмети,
- 5, поени ако кандидатот постигнал исклучителен дополнителен придонес и успех во намалувањето на бројот на заостанати предмети.

- Менторство и едукација, максимум 5 поени

- 0 поени, ако не можат да се забележат такви активности кај кандидатот,
- 1 поен, ако кандидатот се пријавил за менторство и едукација,
- 2 поени, ако кандидатот работел како ментор или одржал до две обуки како едукатор во последните 5 години,
- 3 поени, ако кандидатот одржал до 5 обуки во последните 5 години,
- 4 поени, ако кандидатот одржал до 10 обуки како едукатор во последните 5 години,
- 5, поени ако кандидатот одржал повеќе од 10 обуки во последните 5 години и изработ или издадени трудови и материјали за обука.

- Периодот на судиски стаж ќе се оценува преку збирот на години. Секоја целосна година на стаж повеќе од периодот кој се бара за работното место за повисок суд, носи 1 поен, максимумот е 20 поени.

(5) За преодното бодирање, Комисијата ја зема предвид суштината на овој правилник, но може да ги користи достапните податоци или податоците кои можат лесно да се добијат од сите достапни и сигурни извори за краток временски период. Кога ги оценува започнатите постапки, Комисијата ги проверува фактите и ги користи сите достапни извори, особено личното досие, оценувањето од претседателот, достапните оценувања и податоци дадени од кандидатите (сертификати за обука, сертификати за познавање на јазик, издадени трудови). Комисијата може да побара од кандидатот да ги провери познавањето на јазикот или другите податоци. Во секоја категорија комисијата може да отстапи од стандардното бодирање, ако таквото бодирање го опишува квалитетот на кандидатот на попрецизен начин. Образложението за бодирањето и за отстапувањето мора да биде наведено во записникот.

**Бр.01-245/1**
**04.02.2020 год.**
**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Киро Здравев**